Народна банка на Република Северна Македонија
Дирекција за статистика

Скопје, 30 септември 2022 година

Соопштение за печатот

Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: втор квартал 2022 година

На крајот на вториот квартал од 2022 година, **нето надворешниот долг** бележи квартално намалување за 101 милион евра, со што на крајот на јуни 2022 година изнесува 3.988 милиони евра. Притоа, намалувањето на нето надворешниот долг во вториот квартал произлегува од намалувањето на приватниот нето-долг за 122 милиона евра, во услови на зголемен јавен нето-долг за 21 милион евра.

Зголемување на квартална основа од 385 милиони евра забележа **бруто надворешниот долг**, со што на крајот на второто тримесечје изнесува 10.379 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** забележаа зголемување за 486 милиони евра и изнесуваат 6.391 милион евра.

Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

	31.12.2021		31.03.2022		30.06.2022		квартална промена			промена во однос на крај на претходна година		
	мил. евра	% БДП	мил. евра	% БДП	мил. евра	% БДП	мил. евра	%	п.п.	мил. евра	%	п.п.
Бруто надворешен долг	**9,576.6**	**81.6**	**9,994.0**	**75.0**	**10,379.0**	**77.9**	**385.0**	**3.9**	**2.9**	**802.4**	**8.4**	**-3.7**
Бруто надворешен долг без репо	***9,440.9***	***80.4***	***9,914.6***	***74.4***	***9,867.1***	***74.1***	***-47.5***	***-0.5***	***-0.4***	***426.3***	***4.5***	***-6.4***
Долгорочен долг	7,410.7	63.1	7,324.4	55.0	7,259.5	54.5	-64.9	-0.9	-0.5	-151.2	-2.0	-8.6
Краткорочен долг	2,166.0	18.5	2,669.6	20.0	3,119.6	23.4	450.0	16.9	3.4	953.6	44.0	5.0
Краткорочен долг без репо	*2,030.2*	*17.3*	*2,590.2*	*19.4*	*2,607.6*	*19.6*	*17.4*	*0.7*	*0.1*	*577.4*	*28.4*	*2.3*
Јавен долг	4,802.0	40.9	4,589.7	34.5	4,883.6	36.7	293.9	6.4	2.2	81.6	1.7	-4.3
Јавен долг без репо	*4,666.2*	*39.8*	*4,510.3*	*33.9*	*4,371.7*	*32.8*	*-138.6*	*-3.1*	*-1.0*	*-294.5*	*-6.3*	*-6.9*
Приватен долг	4,774.6	40.7	5,404.3	40.6	5,495.4	41.3	91.1	1.7	0.7	720.8	15.1	0.6
Бруто надворешни побарувања	**5,915.2**	**50.4**	**5,904.5**	**44.3**	**6,390.8**	**48.0**	**486.3**	**8.2**	**3.7**	**475.6**	**8.0**	**-2.4**
Бруто надворешни побарувања без обратни репо	***5,880.7***	***50.1***	***5,902.4***	***44.3***	***5,960.0***	***44.7***	***57.6***	***1.0***	***0.4***	***79.3***	***1.3***	***-5.4***
Нето надворешен долг	**3,661.4**	**31.2**	**4,089.5**	**30.7**	**3,988.2**	**29.9**	**-101.3**	**-2.5**	**-0.8**	**326.8**	**8.9**	**-1.3**
МИП, нето	**-7,244.9**	**-61.7**	**-7,729.3**	**-58.0**	**-7,770.3**	**-58.3**	**-41.0**	**0.5**	**-0.3**	**-525.4**	**7.3**	**3.4**

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2021 година е проценет (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2022 година" од 2.9.2022 година). Податокот за 2022 година е проекција на НБРСМ (април, 2022 година).
Извор: НБРСМ, ДЗС.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**[1], на крајот на јуни 2022 година, изнесува 7.770 милиони евра, или 58,3% од проектираниот БДП[2] за 2022 година. Од овој износ, најголемиот дел, или 83%, се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73% се врз основа на сопственички капитал.

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезидентите врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

[2] Податокот за БДП за 2022 година е проекција на НБРСМ (април 2022).

Бруто надворешен долг

На крајот на јуни од 2022 година, бруто надворешниот долг изнесува 10.379 милиони евра (или 77,9% од проектираниот БДП) и бележи квартално зголемување од 385 милиони евра (или за 3,9%). Доколку од долгот се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[3], бруто-долгот бележи квартално намалување од 48 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на намалениот јавен долг (за 139 милиони евра), додека приватниот долг бележи квартално зголемување (за 91 милион евра). Кварталното намалување на јавниот надворешен долг од 139 милиони евра е резултат на намалувањето на долгот на секторот „држава" (за 210 милиони евра), во услови на зголемен долг на јавните банки и јавните претпријатија (за 67 милиони евра). Растот на приватниот долг се должи на зголемениот долг на небанкарскиот приватен сектор (за 52 милиона евра), на приватните банки (за 28 милиони евра) и на капитално поврзаните субјекти (за 11 милиона евра).





Извор: НБРСМ, ДЗС.

Во споредба со крајот на 2021 година, бруто надворешниот долг е повисок за 802 милиона евра, или за 8,4%. Притоа, во првата половина од 2022 година, долгот со исклучен ефект од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка е зголемен за 426 милиони евра. Остварениот раст е резултат на зголемениот приватен долг (за 721 милион евра), во услови на намален јавен надворешен долг (за 295 милиони евра). Растот на приватниот долг произлегува од зголемените обврски на капитално поврзаните субјекти (за 424 милиони евра), приватните банки (за 157 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 140 милиони евра). Падот на јавниот долг е резултат на намалените

[3] Специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка се однесуваат на репо-договорите и други операции поврзани со управувањето со девизните резерви. При склучувањето на овие трансакции се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето на овие трансакции во обратна насока, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРСМ најчесто истовремено ги извршува овие трансакции во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи најчесто се склучуваат истовремено, не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг, односно овие трансакции вообичаено имаат неутрален ефект на нето-основа, иако постојат и исклучоци, кога склучените трансакции не се со идентичен износ во двете насоки.

обврски на секторот „држава" (за 354 милиони евра), во услови на зголемени обврски на јавните банки и јавните претпријатија (за 54 милиони евра).

Бруто надворешни побарувања

Бруто надворешните побарувања, на крајот на вториот квартал од 2022 година, изнесуваат 6.391 милион евра (или 48% од проектираниот БДП) и забележаа квартално зголемување од 486 милиони евра (или за 8,2%). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се зголемени за 58 милиони евра и изнесуваат 5.960 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на зголемените приватни побарувања за 213 милиони евра, при намалени јавни побарувања за 155 милиони евра. Кварталниот раст на надворешните побарувања кај приватниот сектор е резултат на зголемените побарувања на останатите сектори (за 185 милиони евра) и депозитните институции (за 37 милиони евра), во услови на намалени побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 9 милиони евра). Падот на јавните побарувања се должи на намалените побарувања на централната банка.

Во споредба со крајот на претходната година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 476 милиони евра. Без ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешните побарувања се зголемени за 79 милиони евра, и тоа како резултат на зголемените приватни побарувања (за 633 милиони евра), при намалени јавни побарувања (за 553 милиони евра). Растот на приватните побарувања произлегува од зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 376 милиони евра), останатите сектори (за 251 милион евра) и од депозитните институции (за 6 милиони евра).



Извор: НБРСМ, ДЗС.

Нето надворешен долг

На 30.6.2022 година, нето надворешниот долг изнесува 3.988 милиони евра (или 29,9% од проектираниот БДП). Нето надворешниот долг на земјата, во вториот квартал од 2022 година, е намален за 101 милион евра, или за 2,5%. Од аспект на структурата, приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг со 57%.

Во однос на крајот на 2021 година, нето надворешниот долг е зголемен за 327 милиони евра (или 8,9%), при зголемување на нето јавниот долг (за 239 милиони евра) и на нето приватниот долг (за 88 милиони евра).





Извор: НБРСМ, ДЗС.

Меѓународна инвестициска позиција, нето

Во текот на вториот квартал од 2022 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 41 милион евра и изнесува 7.770 милиони евра, што претставува 58,3% од проектираниот БДП за 2022 година.

Кварталното зголемување на негативната нето МИП произлегува од засиленото зголемување на обврските (за 515 милиони евра) во однос на зголемувањето на средствата (за 474 милиони евра). Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на сопственички инструменти бележат зголемување за 142 милиона евра, додека нето-обврските врз основа на должнички инструменти се намалени за 101 милион евра.

Во споредба со крајот на 2021 година, негативната МИП, нето, е зголемена за 525 милиони евра, како резултат на растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 327 милиони евра) и сопственичките инструменти (за 199 милиони евра).

Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

МИП, по инструменти	2015	2016	2017	2018	2019	2020	Кв.1 2021	Кв.2 2021	Кв.3 2021	Кв.4 2021	Кв.1 2022	Кв.2 2022
Меѓународна инвестициска позиција, нето	**-5,082.7**	**-5,576.0**	**-5,822.5**	**-6,039.5**	**-6,458.4**	**-6,900.6**	**-6,898.2**	**-7,012.8**	**-6,974.4**	**-7,244.9**	**-7,729.3**	**-7,770.3**
Средства	**4,571.9**	**5,171.3**	**5,157.3**	**5,913.6**	**6,163.8**	**6,172.5**	**7,477.9**	**7,773.2**	**7,555.2**	**7,041.4**	**7,069.8**	**7,543.8**
Директни инвестиции	655.0	811.9	967.6	896.2	936.8	784.3	1,078.6	1,077.6	1,181.2	915.5	1,311.0	1,319.4
Портфолио инвестиции	212.6	255.2	300.2	321.2	406.1	470.9	513.3	548.2	561.7	650.0	626.7	611.4
Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0
Останат сопственички капитал	1.0	1.2	2.8	2.9	4.4	4.5	4.9	5.3	5.6	6.0	6.0	2.7
Валути и депозити	615.4	627.3	635.5	694.0	580.0	562.9	524.3	522.5	540.7	657.6	648.3	684.5
Заеми	67.1	52.1	56.1	74.5	79.1	87.3	391.8	490.8	521.9	125.9	95.9	520.4
Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0
Трговски кредити и аванси	757.4	809.6	858.8	1,057.2	894.4	902.3	1,025.6	1,097.4	1,052.7	1,042.3	1,108.9	1,288.8
Останати сметки за наплата	1.7	0.5	0.1	0.5	0.3	0.4	0.3	0.3	0.6	0.9	0.5	0.5
Девизни резерви	2,261.8	2,613.4	2,336.3	2,867.1	3,262.6	3,359.9	3,939.2	4,031.1	3,690.7	3,643.3	3,272.5	3,116.1
Обврски	**9,654.6**	**10,747.3**	**10,979.8**	**11,953.0**	**12,622.2**	**13,073.1**	**14,376.1**	**14,785.9**	**14,529.6**	**14,286.3**	**14,799.1**	**15,314.1**
Директни инвестиции	4,951.3	5,392.2	5,598.1	6,141.3	6,580.0	6,537.1	6,797.7	6,944.4	7,029.6	7,089.2	7,600.0	7,741.0
Портфолио инвестиции	848.8	1,362.2	1,476.3	1,813.2	1,730.7	2,103.8	2,699.3	2,707.4	2,222.6	2,159.2	2,014.5	1,820.3
Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0
Останат сопственички капитал	4.3	6.0	2.3	4.2	4.0	5.0	4.5	3.9	3.3	2.7	3.0	3.3
Валути и депозити	148.5	174.2	195.2	206.2	254.2	253.3	272.8	271.0	226.2	297.3	442.8	484.9
Заеми	2,961.7	3,014.7	2,872.0	2,883.4	3,100.9	3,267.2	3,597.9	3,831.9	3,857.8	3,580.3	3,502.1	3,987.6
Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0
Трговски кредити и аванси	656.7	714.6	757.7	824.8	871.1	827.8	924.7	948.6	948.1	910.3	988.0	1,024.1
Останати сметки за плаќање	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	1.4	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0
Специјални права на влечење (нето-создавање обврски)	83.2	83.2	78.2	79.8	81.3	77.4	79.2	78.7	241.9	247.3	248.6	252.8

Извор: НБРСМ.





Извор: НБРСМ, ДЗС.

Ревизии на податоци

Податоците за 2021 година објавени во ова соопштение ги содржат промените коишто произлегуваат од редовната годишна ревизија за 2021 година. Подетални информации за ефектот од годишната ревизија врз бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и МИП за 2021 година се расположливи во соопштението за печатот: Ревизија на податоците во екстерната статистика за периодот 2014 – 2021 година. Исто така, промените на податоците за периодот јануари – март 2022 година произлегуваат и од подобриот опфат на податоците за првиот квартал од 2022 година кај заемите, трговските кредити и аванси и останатите обврски. Од аспект на насоката на промените, во првиот

квартал на 2022 година, со ревизиите **бруто надворешниот долг** е зголемен за 17,2 милиона евра, додека **бруто надворешните побарувања** се намалени за 12,1 милион евра. Следствено, овие промени се одразија како зголемување на нето надворешниот долг за 29,3 милиони евра. Промената кај **меѓународната инвестициска позиција, нето,** во првиот квартал од 2022 година, придонесува за намалување на негативната МИП за 59,2 милиона евра.

Придружни информации

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/nadvoresen_dolg.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/megunarodna_investiciska_pozicija.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/ND/metodologija/Metodologija_nadvoresen_dolg_5_2_2018.pdf

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/content/statistika/mip/metodologija/Metodologija_MIP_BPM6_9_10_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 29 декември 2022 година (референтен пресек заклучно со септември 2022 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).